МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА
# BOOKS OF ABSTRACTS

3

КОНГРЕС ПО ПРЕВЕНТИВНА МЕДИЦИНА НА МАКЕДОНИЈА
- СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

MACEDONIAN CONGRESS OF PREVENTIVE MEDICINE
- WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

04 - 07 ОКТОМВРИ, 2006
ОХРИД, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

04 - 07 OCTOBER, 2006
OHRID, REPUBLIC OF MACEDONIA

| Мак мед преглед | 60: (Суплемент 68) | Стр: 1 - 204 | Скопје, 2006 |
|---|---|---|---|

475

# ХИВ/СИДА - ЗАСТАПЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# HIV/AIDS – INCIDENCE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Prodanovska-Stojcevska V. 1, Jasovik-Siveska E. 1,**
1 Висока медицинска школа - Битола, Република Македонија.

Цел: Да се прикаже застапеноста на ХИВ/СИДА во Република Македонија. Материјал и методи: За материјал се користени извештаи од РЗЗЗ - Скопје, за периодот 1987-2005 година, а истите се дескриптивно анализирани и табеларно и графички обработени. Резултати: Во 1987 година се појави првиот ХИВ позитивен случај во Република Македонија, а во 1989 година првиот случај на СИДА. Вкупниот број на регистрирани случаи со ХИВ/СИДА, од почетокот на епидемијата, изнесува 79, од кои 63 заболени и 16 ХИВ позитивни. Според анализираните податоци се констатира дека во 2005 година новорегистрирани со ХИВ/СИДА се 12 случаи, од кои 9 мажи и 3 жени што се бележи како најголем број од почетокот на ХИВ/СИДА епидемијата. Последните податоци од 2005 година покажуваат дека во Македонија живеат 13 лица заболени од СИДА и 16 ХИВ позитивни. Во однос на возрасната структура, најзастапена е популацијата од 30 до -39 години, а потоа следи групата од 20 до 29- годишна возраст, која бележи пораст и корелира со светските показатели. Исто така, во Република Македонија, како и во светот најдоминантен е хетеросексуалниот начин на пренесување, а потоа следат хомосексуалците и интравенозните корисници на дрога. Заклучок: Во Република Македонија се бележи позитивен тренд на нови случаи на ХИВ/СИДА, што сериозно укажува на фактот дека недоволната информираност и превентивните мерки на заштита не се доволно присутни, особено кај младата популација